*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр. 05-520/5
01.11.2019 го

Врз основа на член 75 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019), Генералниот секр на Собранието на Република Северна Македонија донесе

## ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ПЛАН
## за јавни набавки во 2019 година на Собранието на Република Северна Македонија

1. Годишниот план за јавни набавки во 2019 година на Собранието на Република Македонија заведен под арх. бр. 05-520/1 од 24.01. година, Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2019 година на Собранието на Република Северна Македонија заведен арх. бр. 05-520/3 од 16.05.2019 година, Изменување и Дополнување на Годишен план за јавни набавки во 2019 година на Собраниет Република Северна Македонија заведен под арх. бр. 05-520/4 од 04.09.2019 година во делот I. Договори и рамковни спогодби за ј набавки на стоки по точката „29“ се додава нова точка „29а“ која гласи:

### I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки

| Ред. Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка | ЗПЈН | Вид на договор за јавна набавка | Вид на постапка | Проценета вредност | Очекуван старт | Забелешки | Огла с |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 29а. | Доопремување на новите сали за состаноци на работните тела со аудио и видео опрема | 32000000-3 | Стоки | Отворена постапка | 10.500.000,00 ден. | Ноември | Како дел од проектот за зајакнување, надградба и доградба на зградата на Собранието на Република Северна Македонија се изградија и шест нови сали за работа на Собраниските комисии. Со цел за обезбедување на | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | соодветни услови за работа, зголемување на транспарентност и отчетност на работењето на комисиите со проектот беше предвидено опремување на истите со професионална опрема. Професионалната аудио, видео и конференциска опрема треба да обезбеди висок квалитет на превод, аудио и видео сигнали потребни за архивирање и репродукција преку Собранискиот ТВ канал и преку Собраниската веб страна. Добрата техничка опременост на салите треба да обезбеди комфорна работа и лесно следење на комисиските седници од сите заинтересирани стручни лица и | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | граѓани во и надвор од државата. Во тек на градба две од салите целосно се опремени со аудио, видео и конференциска опрема. Поради недостиг на финансиски средства четири од салите се опремени само со конференциски систем и основно ниво на аудио опрема. Со оваа набавка ќе се реализира доопремување на преостанатите четири сали со аудио и видео опрема потребна да се постигне целосна функционалност и техничка изедначеност со другите две сали. | |

**Генерален секретар,**
**Цветанка Иванова**

**Изработил:** Александра Л.Трифунов ________

**Контролирал:** Јасмина Которчевиќ ________

## О б р а з л о ж е н и е

Собранието на Република Северна Македонија со Буџетот за 2019 година на Раздел 02001 Собрание на РСМ потпрограма 23 Собраниски канал ставка 480 Купување на опрема и машини, имаше планирано средства во износ од 32.000.000 денари, кои беа наменети за јавна набавка на стоки - Опремување на пленарната сала во Собранието на Република Северна Македонија со електронски систем за говорење и гласање и опрема за симултан превод. Набавката се спроведе два пати при што се објави оглас бр.72/2018 и оглас бр. 02171/2019 но и за двата огласи се донесе Одлука за поништување на постапката од причина што немаше прифатливи понуди. Со ребалансот, средствата од 32.000.000 денари се намалени на 12.000.000 денари. Бидејќи набавката за Опремување на пленарната сала во Собранието на Република Северна Македонија со електронски систем за говорење и гласање и опрема за симултан превод не може да се спроведе до крајот на фискалната 2019 година за таа цел повторно во предлог буџетското барање за 2020 година се испланирани средства од 32.000.000 денари.

Предлагаме средствата од 12.000.000 денари да се искористат за потребата на Собранието на РСМ за доопремување на новите сали за состаноци на работните тела со аудио и видео опрема со цел средтвата планирани за капитални расходи на Разделот на Собранието за 2019 година да се изреализираат.

Мане Нецев

Дејан Ѓурчилов